Во случај ако испратеното/предаденото решение на Сојузната управа за миграција и бегалци (Bundesamt für Migration und Flüchtlinge) содржи закана за протерување во матичната земја или налог за протерување во матичната земја, Ве молиме да ги запазите следните напомени:

Важни соопштенија според Законот за престој

Поука согласно § 60a став 2d од Законот за престој

Ако имате некоја болест која може да го отежне протерувањето во Вашата матична земја, тоа ќе мора да го докажете со лекарско уверение. Обврзани сте да го приложите тоа лекарско уверение неодложно кај управата за странци која е надлежна за Вас. За почитување на поимот „неодложно“ меродавен е датумот на лекарското уверение. Ако се издадени лекарски уверенија кои може да го отежнат протерувањето на Вашето малолетно дете/малолетни деца во матичната земја, исто така мора да ги приложите и тие лекарски уверенија.
Ако не го приложите уверението или ако го приложите со задоцнување, во тој случај наодот кој е констатиран во лекарското уверение не смее да се земе предвид при Вашето протерување. Вашето изјаснување дека Вие или некое од Вашите малолетни деца сте болни нема да биде сослушано при протерувањето. Ова исто така важи и во случај ако неодложно го приложите лекарското уверение, но тоа не ги исполнува законските барања.

Во случај ако управата за странци која е надлежна за Вас има некое сомневање во врска со болеста во уверението, таа може да издаде налог за лекарски преглед односно службен лекарски преглед. Ако не го почитувате тој налог без доволна причина, тогаш надлежната служба при протерувањето има право да не ја земе предвид болеста која сте ја навеле.

Поука согласно § 50 став 4 од Законот за престој

Врз основа на Вашата обврска за напуштање на земјата, Вие сте обврзани согласно § 50 став 4 од Законот за престој, секоја промена на живеалиштето и секое напуштање на округот на управата за странци кои траат подолго од три дена, да ги соопштите три дена претходно до управата за странци која е надележна за Вас. Ако ја прекршите оваа обврска, мора да сметате на тоа дека ќе бидете ставени во притвор за протерување (§ 62 став 3 точка 2 од Законот за престој).